ЈАВНА ДЕБАТА ВО ПРИЛЕП

# Влијание на етноцентричноста врз уметничкото дело

Дебата на тема „Уметноста над предрасудите" ќе се одржи вечерва во читалницата на Градската библиотека во Прилеп, со почеток во 19 часот. Воведните излагања ќе ги одржат Владо Ѓоревски, Небојша Вилиќ, Билјана Исијанин, Луан Зенки и Александар Цветковски.

Тематскиот концепт, како што најавува организаторот Љупчо Исијанин од Центарот за современи уметности „Елементи" од Битола, треба да се постави и да одговори на прашањата, гледани од аспект на културолошката концепција, која предрасудите ги гледа во одредени традиционални групни сфаќања, насочени етноцентрично. Концептот што ќе биде разгледуван зборува за етноцентричните предрасуди како трајни диспозиции на реагирање кон припадници на определени етнички групи и за феменологијата на пристапот кон уметничкото дело.

Јавната дебата во Прилеп се одржува во рамките на проектот „5К: конверзација, консеквенција, консолидација, корелација, контрапункт" што Центарот за современи јавни уметности „Елементи" од Битола го одржува од 20 август до 5 септември. Проектот во Прилеп, освен јавната дебата, вклучува и фотоинсталација и изложба на фотографии на Елена и Христо Бојаџиеви, која ќе биде отворена вечерва на платото пред Центарот за култура „Марко Цепенков" во Прилеп. Вечерва, исто така, ќе биде отворена и групна изложба на дела од повеќемина автори: Жанета Вангели, Ирена Паскали, Борјан Зафировски и Елена Бојаџиева, во избор на Луан Зенки.

Проектот продолжува в сабота. ❑